Република Северна Македонија
Министерство за финансии

К-1-2022

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## - прв квартал 2022 година -

## Резиме


- Во К-1-2022 е забележан **раст на економската активност** од 2,4% на годишна основа, со што растот продолжува четврти квартал по ред;
- **Бројот на вработени** во К-1-2022 е понизок за 12,8% во однос на истиот квартал од 2021 година. **Бројот на невработени** во К-1-2022 се намали за 20,6%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** на 14,8%;
- Просечната **нето-плата** во К-1-2022 изнесува 30.299 денари и бележи раст од 7,7% на номинална основа, односно останува непроменета на реална основа, споредено со нето-платата во К-1-2021;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-1-2022 се повисоки за 16,9%, а вкупните буџетски расходи за 14,3% споредено со истиот квартал од 2021 година;
- **Стапката на инфлација** во К-1-2022 изнесува 7,7% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-1-2022 се намали за 3,0% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките во К-1-2022 забележа раст од 2,6% на квартална основа;
- Во К-1-2022 е забележан раст на **извозот на стоки** од 16,7% и на **увозот на стоки** од 29,3% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа раст од 23,9%.

## Содржина:

1. Економска активност ... 3
2. Пазар на работна сила ... 4
3. Јавни финансии ... 5
3.1. Буџетски приходи според економската класификација ... 5
3.2. Буџетски расходи според економската класификација ... 6
3.3. Расходи по буџетски корисници ... 7
3.4. Буџетски дефицит и државен долг ... 9
4. Инфлација и монетарни движења ... 10
5. Надворешен сектор ... 13
5.1. Надворешнотрговска размена ... 13
5.2. Платен биланс ... 16

# 1. Економска активност

Во К-1-2022 е забележан **раст на економската активност** од 2,4% на годишна основа, со што растот продолжува четврти квартал по ред.

Графикон 1.1. Инвестиции и градежна активност *(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Анализирано според производната страна на БДП, економскиот раст се должи исклучиво на позитивните остварувања во услужниот сектор и во индустријата.

Растот на активноста во **услужниот сектор** е на широка основа и изнесува 4,1%. Највисок раст во рамките на услужните дејности има кај Трговија, транспорт и угостителство од 11,2%, по што следуваат: Стручни, научни и технички дејности од 5,9%, Финансиски и дејности на осигурување од 1,9%; Уметност, забава и рекреација од 1,3%, Дејности во врска со недвижен имот од 1,2% и Информации и комуникации од 0,4%. Пад е забележан кај Јавна управа, одбрана, образование и здравство од 1,1%.

**Индустрискиот сектор** забележа раст од 2,2%, во чии рамки преработувачката индустрија забележа минимален раст од 0,2%.

**Земјоделството** забележа минимален раст од 0,3% по падот од 4,6% во претходниот квартал, со што продолжуваат променливите движења во овој сектор, додека **градежната активност** опадна за 17,2%, што е намалување четврти квартал по ред.

Графикон 1.2. Индустриски сектор *(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Анализирано според расходната страна на БДП, растот на економската активност е резултат на зголемената домашна побарувачка, во услови на зголемена потрошувачка и зголемени

Графикон 1.3. Придонес во економскиот раст по компоненти *(процентни поени)*




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

бруто-инвестиции, додека придонесот на нето-извозот е негативен.

Потрошувачката забележа раст на реална основа од 4,0%, во чии рамки **приватната потрошувачка** порасна за 4,9%, а **јавната потрошувачка** се зголеми за 0,5% на реална основа.

**Бруто-инвестициите** забележаа раст од 38,6%, по високиот раст од 21,2% во К4 2021 година, со што растот продолжува четврти квартал по ред.

**Извозот на стоки и услуги** забележа раст од 11,1% на реална основа, додека **увозот на стоки и услуги** порасна за 24,4%. Оттука, нето-извозот има негативен придонес врз економскиот раст.

## 2. Пазар на работна сила

Во К-1-2022, според Анкетата на работна сила, **бројот на вработени лица**[1] е намален за 12,8%, односно за 101,6 илјади лица во однос на истиот квартал од 2021 година. Најголем пад на вработеноста се забележува во услужниот сектор (39,2 илјади или 8,8%), потоа следи индустријата со годишно намалување на бројот на вработени од 29,5 илјади, или 15,3%, земјоделскиот сектор (24,8 илјади или 26,4%) и градежништвото со пад од 7,6 илјади, односно 14,2%.

Во рамки на услужната дејност, раст на вработеноста се јавува единствено кај информации и комуникации (2,5 илјади лица или 13,2%), додека позабележително намалување на вработеноста има кај трговија на големо и трговија на мало (12,5 илјади или 10,5%), транспорт и складирање (8,1 илјада или 19,7%), дејности на здравствена и социјална заштита (5,2 илјади или 10,0%) и стручни, научни и технички дејности (4,1 илјада или 20,6%).

Анализирано според економскиот статус, намалување на вработеноста во однос на К1 2021 година се забележува кај вработените (81,7 илјади или 12,5%), самовработените (10,0 илјади или 13,4%), неплатените семејни работници (6,8 илјади или 21,6%) и работодавците (3,1 илјада или 9,7%).

**Стапката на вработеност** во К-1-2022 изнесува 47,1% и во однос на истиот квартал од 2021 година е непроменета.

**Бројот на невработени** е намален за 31,1 илјада лица, односно за 20,6% во однос на истиот квартал од 2021 година. **Стапката на невработеност** во К-1-2022 се намали на 14,8%, односно за 1,2 п.п. во споредба со истиот квартал од 2021 година, а во однос на претходниот квартал таа е пониска за 0,4 п.п. (Графикон 2.1).

[1] При обработката на податоците за првиот квартал од 2022 година од страна на Државниот завод за статистика се користени регионални демографски дистрибуции по пол и по петгодишни старосни групи за калибрирање на населението согласно со податоците од Пописот 2021.

Графикон 2.1. Пазар на труд




Извор: Државен завод за статистика

Гледано по возрасни групи, невработеноста во однос на К-1-2021 е намалена во сите групи, и тоа: кај лицата на возраст од 50 до 64 години за 22,3%, кај лицата од 25 до 49 години за 20,2% и кај лицата од 15 до 24 години за 19,8%. Според половата структура, стапката на невработеност е намалена за 1,2 п.п. кај женското население и изнесува 13,5%, што е за 2,1 п.п. помалку од невработеноста кај мажите којашто е намалена за 1,3 п.п. и изнесува 15,6%.

**Бројот на активно население** е намален за 132,8 илјади лица, односно за 14,1% на годишна основа. Активното население во К-1-2022 сочинува 55,3% од вкупното работоспособно население и е намалено за 0,7 п.п. во споредба со истиот квартал од 2021 година.

Просечната месечна **нето-плата** во К-1-2022 изнесува 30.299 денари и истата е повисока за 7,7% на номинална основа споредено со истиот квартал од 2021 година, додека на реална основа нето-платата останува непроменета (Графикон 2.2).

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Просечната месечна **бруто-плата** во К-1-2022 изнесува 45.239 денари и бележи раст од 7,7% на номинална основа, а на реална основа истата е непроменета.

**Продуктивноста на трудот** во К-1-2022 е зголемена за 17,5%, што е последица на растот на производството и на позначителниот пад на стапката на вработеност.

# 3. Јавни финансии

## 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

**Вкупните буџетски приходи** во К-1-2022 учествуваат со 31,6% во кварталниот БДП и истите се повисоки за 16,9% споредено со истиот квартал од 2021 година, а притоа раст бележат даноците од 24,0%, придонесите од 6,1% и неданочните приходи од 13,5%. Кај даночните приходи забележана е

повисока наплата на сите видови даноци.

Наплатата на индиректните даноци во К-1-2022 е зголемена за 26,1%, а кај директните даноци е забележано зголемување од 18,7% во однос на К-1-2021. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, учеството на приходите од директни даноци е зголемено за 0,2 п.п. на годишно ниво, односно од 4,7% во првиот квартал минатата година на 4,9% од кварталниот БДП во истиот квартал оваа година, а учеството на приходите од индиректни даноци во БДП за К-1-2022 изнесува 14% и е повисоко за 1,5 п.п. во однос на К-1-2021 кога изнесуваше 12,5%.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К1
*(% од номинален квартален БДП)*




Извор: Министерство за финансии

Кај **индиректните даноци**, приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 49,8% од вкупните даночни приходи во К-1-2022, а се повисоки за 30,9% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност, најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал од 2021 година, приходите од акцизи се повисоки за 11,7%, а приходите од царински давачки се повисоки за 31,6%.

Во рамки на **директните даноци**, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување од 14,2 %, а кај приходите од данокот на добивка зголемување од 25,0% во однос на истиот квартал претходната година.

Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 6,1%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 6,0%, кај придонесите за здравствено осигурување од 6,3% и кај придонесите за вработување од 6,4%.

**Неданочните приходи**, кои претставуваат 2,1% од кварталниот БДП, во К-1-2022 беа реализирани за 13,5% повеќе во однос на истиот квартал од 2021 година.

**Капиталните приходи**, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди, во К-1-2022 беа повисоки за 44,8% на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** се пониски за 25,8% во споредба со истиот квартал од 2021 година.

## 3.2. Буџетски расходи според економската класификација

**Вкупните буџетски расходи** во К-1-2022, со учество од 35,3% во кварталниот БДП, се повисоки за 14,3% споредено со истиот квартал од 2021 година.

**Тековните расходи**, кои претставуваат 32,6% од кварталниот БДП, имаат учество од 92,3% во вкупните расходи и беа реализирани за 13,6% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги забележаа раст од 19,7%, а расходите за плати и надоместоци раст од 2,6% во однос на истиот квартал претходната година.

Средствата за трансфери, кои учествуваат со 69,8% во вкупните расходи, беа реализирани за 14,1% повеќе на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 6,6% и учествуваа со 48,5% во вкупните расходи. Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 5,3% и забележаа учество од 29,3% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 20,5% и забележа зголемување од 45,9% во однос на првиот квартал од 2021 година. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа минимално зголемување од 0,6%, додека субвенциите и трансферите се зголемија за 110% споредено со К-1-2021.

Расходите за каматни плаќања се зголемени за 38,9% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување од 0,6%, а раст од дури 69,0% забележаа каматните расходи по надворешен долг.

**Капиталните расходи**, кои претставуваат 2,7% од кварталниот БДП, се реализирани за 23,5% повеќе споредено со истиот квартал од 2021 година и оствариja учество од 7,7% во вкупните расходи.

## 3.3. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 82,0% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот јануари - март 2022 година, преку разделот **Министерство за финансии – функции на држава**[2] реализирани се 5.316 милиони денари што претставува 18,1% од предвидените за 2022 година. Каматни плаќања (2.476 милиони денари) е главна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 46,6%, а потоа следуваат капитални расходи со учество од 25,1% и исплата од 1.334 милиони денари и отплата на

[2] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

главнината со учество од 13,7% и исплата од 729 милиони денари.

**Министерството за труд и социјална политика** во К-1-2022 година реализираше 13.683 милиони денари или 27,0% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (69,9%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 9.569 милиони денари или 28,2% од средствата наменети за 2022 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, која учествува со 21,5% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 26,7% (2.939 милиона денари) од планираните за 2022 година.

Графикон 3.2. Структура на расходи по буџетски корисници во К-1-2022 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

**Министерството за образование и наука** во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 6.512 милиони денари, што е 22,5% од вкупниот буџет за 2022 година. Најголем дел од расходите (62,7%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 4.085 милиони денари или 24,4% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 17,6%, за што се потрошени 1.145 милиони денари, односно 24,4% од вкупно предвидените.

**Министерството за одбрана** во периодот јануари – март 2022 година реализираше буџетски средства во износ од 2.411 милиони денари, што е 17,6% од вкупниот буџет за оваа година. Расходите за плати и надоместоци имаат најголемо учество со 43,0% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.037 милиони денари, односно 23,7% од вкупно предвидените. Стоки и услуги е втора најзначајна ставка во структурата на вкупните расходи со учество од 27,5% и исплата од 662 милиона денари, што е 22,0% од планираните средства за тековната година. По нив следат Капитални расходи кои во структурата на вкупните расходи учествуваат со 15,8% и за таа намена реализирани се 381 милион денари, што е 7,7% од планираните средства за тековната година.

Во периодот јануари - март 2022 година, **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** реализираше средства во износ од 1.266 милиони денари што претставува 20,6% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 92,1% во вкупните расходи, реализирани се 24,8% од планираните средства, односно 1.166 милиони денари.

Во анализираниот период, од страна на **Министерството за внатрешни работи** вкупно се реализирани 3.216 милиони денари, што претставува 27,0% од сопствениот буџет за 2022 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 62,6%, за што се потрошени 2.013 милиони денари или 24,5% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 23,3%, за што се реализирани 751 милион денари или 33,4% од годишниот план.

**Министерството за здравство** во периодот јануари – март 2022 година изврши буџетски средства во износ од 724 милиони денари, што е 9,6% од вкупниот буџет за 2022 година. Расходите за стоки и услуги имаат најголемо учество во вкупните расходи од 45,6%, за што во овој период се потрошени 330 милиони денари или 10,5% од средствата наменети за 2022 година. За тековни трансфери до вонбуџетските фондови се издвоени 249 милиони денари, односно 8,3% од вкупно планираните.

**Владата на Република Северна Македонија** во К-1-2022 година реализираше вкупно 5.456 милиони денари, односно 56,0% од планираните средства за 2022 година. Притоа, субвенциите и трансферите имаат доминантно учество од 74,5% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, за што се реализирани 4.064 милиони денари (56,7% од предвидените средства).

**Министерството за транспорт и врски** во овој период реализираше средства во износ од 397 милиони денари, што е само 3,4% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 2,1% од предвиденото за цела година (216 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог достапен на следната врска (*http://finance.gov.mk/mk/node/692*).

## 3.4. Буџетски дефицит и државен долг

Во првиот квартал од 2022 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 6.656 милиони денари или 3,7% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет изнесува 6.191 милион денари, односно 3,4% од кварталниот БДП.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-1-2022 изнесува 46,8% од БДП и забележа намалување на своето учество

Графикон 3.3. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

во БДП за 5,0 п.п. во однос на К-4-2021. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-4-2021 е намалено за 0,3 п.п. и изнесува 59,7%, а учеството на внатрешниот долг е соодветно зголемено и изнесува 40,3% од вкупниот државен долг.

## 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-1-2022 изнесува 7,7% (4,6% во претходниот квартал) на годишна основа и е зголемена за 3,1 п.п. во споредба со К-4-2021. Дополнителното забрзување на растот на потрошувачките цени во првиот квартал се должи пред сè на растот на цените на храната, но во овој квартал е регистрирано и зголемување на цените на енергенсите, како и раст на цените на нафтените деривати, согласно растот на цените на светските берзи. Цените на енергенсите во првиот квартал се зголемија како резултат на зголемувањето на цените на струјата за домаќинствата за 9,48% и укинување на дневната евтина тарифа, согласно одлуката на РКЕ, а со мал придонес се одрази и одлуката за зголемување на крајната цена на испорачаната топлинска енергија за 14,05% во просек.

Базичната инфлација го следи растот на цените на храната и енергијата, но сепак таа и во првиот квартал од годината регистрира раст со поумерено темпо од 4,2%.

Генерално, зголемувањето на домашните цени во овој квартал ги рефлектира и промените поврзани со цените на енергенсите и на примарните производи на светските берзи како и ценовните нарушувања предизвикани од пандемијата, како и воениот конфликт меѓу Русија и Украина.

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

Гледано по компоненти, цените на храната во К-1-2022 регистрираа раст од 10,1% (5,7% во претходниот квартал), пред сè како резултат на зголемените цени на маслото, лебот и житата, зеленчукот и месото.

Раст на потрошувачките цени во К-1-2022 се бележи и во следните категории: Транспорт од 18,6%, Ресторани и хотели од 7,4%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 7,3%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,9%, Разновидни стоки и услуги од 4,0%,

Здравствена заштита од 3,1%, Рекреација и култура од 3,0%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 2,9%, Облека и обувки од 1,0% и Образование од 01,%. Пад на цените е регистриран категоријата Комуникации од 0,5%. Цените на мало во првиот квартал регистрираа раст од 8,5%.

Во првиот квартал[3] од 2022 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја задржа **основната каматна стапка** на 1,25%, откако претходната година ја намали каматната стапка на благајничките записи за 0,25 п.п., односно од 1,5% на 1,25%. Досегашното намалување на основната каматна стапка, како и позначителното намалување на понудениот износ на благајнички записи, придонесе за зголемување на ликвидноста на банкарскиот систем и поддршка на кредитните текови во економијата, како и ублажување на ефектите од пандемијата врз домашната економија,

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена во март 2022 година изнесуваше 0,3% и во споредба со претходниот квартал остана непроменета.

**Примарните пари**[4] во К-1-2022 забележаа пад на квартална основа од 0,3% (во претходниот квартал е забележан пад од 7,3%), како резултат на намалувањето на готовите пари во оптек за 4,5%, додека вкупната ликвидност на банките регистрираше раст од 4,1%.

Во однос на К-1-2021, примарните пари се намалија за 9,0% (во К-4-2021 е забележан раст од 16,5%), како резултат на падот на вкупна ликвидност на банките од 15,1% и намалувањето на готовите пари во оптек од 1,6%.

Во К-1-2022, најтесната парична маса М1[5] забележа пад од 6,8% во однос на претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 забележа намалување за 2,9%, а најшироките монетарен агрегат М4 за 3,0% на квартална основа.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[6] на банките во К-1-2022 се намали за 3,0% на квартална основа, по растот од 3,3% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се намалија за 7,8%, а депозитите на домаќинствата за 1,4%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските депозити регистрираа пад од 6,9%, а девизните депозити се зголемија за 2,2%. Степенот на евроизација е зголемен за 2,3 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 45,3%, мерено преку учеството

---

[3] Податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки се по нова методологија.

[4] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[5] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

[6] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-1-2022 се зголеми за 0,1 п.п. споредено со претходниот квартал и изнесува 20,8% (во К-3-2021 изнесуваше 20,9%). Во анализираниот период, краткорочните депозити забележаа зголемување од 1,5%.

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

**Кредитната активност** на банките во К-1-2022 забележа раст од 2,6% на квартална основа (во претходниот квартал регистрираше раст од 3,1%), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 3,5% и раст на кредитите кон домаќинствата од 1,6%. Од валутен аспект, денарските кредити во К-1-2022 споредено со претходниот квартал се зголемија за 2,2%, а девизните кредити за 3,2%. Според рочноста, долгорочните кредити во К-1-2022 во однос на претходниот квартал бележат раст од 1,6%, а краткорочните кредити од 8,8%.

**Каматната стапка**[7] на денарските кредити во К-1-2022 изнесува 4,60% и истата е намалена за 0,11 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-1-2022 изнесува 3,98% и истата е намалена за 0,07 п.п. во однос на претходниот квартал.

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Каматната стапка на денарските депозити во К-1-2022 изнесува 1,03% и забележа пад од 0,06 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 0,44% и истата е намалена за 0,03 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-1-2022 изнесува 4,14%, а на новоодобрените девизни кредити 3,24%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 0,73% и 0,54%, соодветно.

[7] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-1-2022 изнесува 4.773,1 милион евра и бележи раст од 23,9% во однос на истиот квартал од 2021 година.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки
*(во милиони евра)*




Извор: Државен завод за статистика

**Извозот на стоки** во К-1-2022 изнесува 1.939,3 милиони евра и во однос на К-1-2021 бележи раст од 16,7%, додека во однос на претходниот квартал регистриран е раст од 8,0%.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот во К-1-2022 во однос на истиот квартал од 2021 година се забележуваат во следните сектори:

- хемиски производи за 45,6% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата хемиски материи и производи за 182,8 милиони евра или за 47,2% );
- производи класирани по материјалот за 54,0% (железо и челик за 98,9 милиони евра или 62,2%);
- минерални горива и мазива за 154,3% (електрична енергија за 17,7 милиони евра или 226,7%; нафта и производи од нафта за 15,5 милиони евра или 117,7%);
- суровини освен гориво за 21,1% (метална руда и отпадоци од метал за 13,4 милиони евра или 21,9%);
- разни готови производи за 8,1% (облека за 10,2 милиона евра или 11,9%; обувки за 2,3 милиони евра или 43,6%);
- пијалаци и тутун за 35,8% (тутун и производи од тутун за 8,0 милиони евра или 67,8%) и
- производи за храна за 2,8% (кафе, чај, какао, зачини и производи од истите за 2,5 милиони евра или 52,4%; жита и преработки од жита за 2,2 милиона евра или 11,4%).

Негативно придвижување во извозот се забележува кај секторите:

- машини и транспортни уреди за 22,1% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата индустриски машини и делови за 202,6 милиони евра или 76,5%) и
- животински и растителни масла за 6,2% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 0,4 милиони евра или 14,3%).

Гледано **по економска намена**, во К-1-2022 раст на извозот е забележан во следните групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 340,3 милиони евра или 41,6%;
- транспортна опрема за 48,8 милиони евра или 23,4%;
- горива и мазива за 33,3 милиони евра или 155,3%;
- стоки за широка потрошувачка за 32,9 милиони евра или 20,5% и
- храна и пијалаци за 3,2 милиона евра или 3,2%.

Намалување на извозот е забележано само во групата производи за инвестиции без транспортна опрема за 180,8 милиони евра или 51,5%.

**Увозот на стоки** во К-1-2022 изнесува 2.833,8 милиони евра и е зголемен за 29,3% во однос на К-1-2021, додека во однос на претходниот квартал бележи раст од 6,6%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, зголемување на увозот во К-1-2022 во однос на К-1-2021 се забележува кај сите сектори:

- минерални горива и мазива за 203,3% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: електрична енергија за 166,0 милиони евра или 277,8%; нафта и производи од нафта за 132,9 милиони евра или 138,5%; гас, природен и индустриски за 77,8 милиони евра или 284,4%);
- производи класирани по материјалот за 20,4% (железо и челик за 87,2 милиона евра или 87,7%; обоени метали за 21,8 милиони евра или 6,9%; предиво и текстилни производи за 21,2 милиона евра или 23,5%);
- машини и транспортни уреди за 11,8% (електрични машини, апарати и делови за 31,3 милиони евра или 15,7%; телекомуникациски и аудио апарати и опрема за 12,1 милион евра или 31,6%; машини специјализирани за одредени индустрии за 9,8 милиони евра или 28,2%);
- хемиски производи за 0,1% (пластични материи во примарни форми за 14,1 милион евра или за 50,5%);
- разни готови производи за 13,2% (облека за 5,3 милиони евра или 21,3%; обувки за 2,4 милиони евра или 27,3%);
- производи за храна за 14,4% (жита и преработки од жита за 4,6 милиони евра или 20,1%; овошје и зеленчук за 3,8 милиони евра или 13,3%; месо и преработки од месо за 3,3 милиони евра или 10,3%);
- пијалаци и тутун за 18,1% (пијалаци за 3,5 милиони евра или 35,0%);
- суровини освен гориво за 12,9% (метална руда и отпадоци од метал за 2,2 милиона евра или 5,7%; дрво и плута за 2,0 милиона евра или 38,3%) и
- животински и растителни масла за 10,1% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 1,2 милиона евра или 9,1%).

Гледано **по економска намена**, во К-1-2022 раст на увозот е забележан во сите групи производи:

- горива и мазива за 379,9 милиони евра или 204,5%;
- стоки за индустриски набавки за 179,7 милиони евра или 15,2%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 49,3 милиони евра или 16,0%;
- храна и пијалаци за 27,2 милиона евра или 15,1%;
- стоки за широка потрошувачка за 6,5 милиони евра или 2,9% и
- транспортна опрема за 1,5 милиони евра или 1,4%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-1-2022




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

Надворешнотрговската размена на Европската Унија (ЕУ 27[8]) во К-1-2022 е зголемена за 22,9% во однос на К-1-2021, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 60,0% и е намалено за 0,5 п.п. споредено со првиот квартал од 2021 година. Притоа, во К-1-2022 извозот на стоки учествува со 78,3%, а увозот на стоки со 47,5%.

[8] Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Северна Македонија, во К-1-2022 на **тековната сметка** на билансот на плаќања е регистриран дефицит од 392,4 милиони евра, што претставува 13,4% од кварталниот БДП, наспроти дефицитот од 2,0% од БДП забележан во истиот квартал од 2021 година.

Графикон 5. 3. Салдо на тековна сметка *(во милиони евра)*



Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Анализирано на годишна основа, дефицитот на тековната сметка во К-1-2022 е зголемен за 339,5 милиони евра, односно 641%, што се должи на зголемувањето на дефицитот на сметката на стоки за 67,3%, како и на намалувањето на суфицитот на сметката на услуги за 16,3%. Спротивно влијание имаше зголемувањето на суфицитот на сметката на секундарен доход за 8,0%, како и намалувањето на дефицитот на сметката на примарен доход за 0,1%.

Во К-1-2022 **трговскиот дефицит** на годишно ниво е зголемен за 340,0 милиони евра, додека во процент од кварталниот БДП е зголемен за 9,4 п.п. на годишна основа, односно изнесува 28,8%.

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-1-2022 изнесува 161,9 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2021 година е намален за 31,4 милиони евра. **Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-1-2022 изнесува 168,8% од кварталниот БДП и во однос на К-1-2021 е зголемена за 18,6 п.п..

Сметката на **примарен доход** во К-1-2022 забележа дефицит од 137,7 милиони евра и истиот е намален за 0,1 милион евра на годишно ниво.

Графикон 5. 4. Тековна сметка на платниот биланс *(салдо, во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-1-2022 изнесува 428,6 милиони евра и на годишно ниво е зголемен за 31,8 милиони евра. Растот се должи на зголемувањето на приватните трансфери за 63,4 милиони евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 98,8%, додека официјалните трансфери се намалени за 31,6 милиони евра, а во сметката на секундарниот доход учествуваат со 1,2%.

Салдото на **капиталната сметка** во К-1-2022 изнесува 0,2 милиона евра и во однос на истиот квартал од 2021 година е зголемено за 3,9 милиони евра, што се должи на зголемениот прилив на капитални трансфери.

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-1-2022 изнесуваат 122,4 милиони евра и во однос на К-1-2021 се зголемени за 75,2 милиона евра. Приливот на СДИ во овој период главно потекнува од реинвестирањето на добивката на компаниите со странски капитал, по кој основ е остварен 68,0% од вкупниот прилив на СДИ. По основ на должнички инструменти е реализиран 18,9% од вкупниот прилив, а останатиот дел (13,1%) се однесува на сопственички капитал.

Графикон 5. 5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Портфолио инвестициите** во К-1-2022 изнесуваат 25,8 милиони евра што претставува подобрување на салдото во однос на истиот квартал од 2021 година кога истите биле негативни и изнесувале 636,9 милиони евра.

**Останатите инвестиции** во К-1-2022 изнесуваат 64,4 милиони евра, за разлика од К-1-2021 година кога беа негативни. Во рамки на категоријата останати инвестиции, сметката на валути и депозити изнесува 23,2 милиона евра, сметката на заеми 54,7 милиони евра, додека сметката на трговски кредити и аванси бележи негативно салдо од 12,8 милиони евра.

**Девизните резерви** на крајот на првиот квартал од 2022 година изнесуваат 3,3 милијарди евра и во однос на К-1-2021 се намалени за 16,9%. Девизните резерви на крајот на К-1-2022 обезбедуваат 3,8-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.